Апелационен суд
Битола

2018

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Булевар 1-ви
Мај бр.63

info@asbitola.mk

047/227-999

# С О Д Р Ж И Н А

1.Податоци за работа со предмети --------------------------------------------------- 2

2.Извештај за усогласување на судската пракса -------------------------------- 5

4. Извештај од извршени посети на пониските судови ------------------------- 18

5. Извештај за односи со јавност ----------------------------------------------------- 20

6. Извештај за информатички технологија ----------------------------------------- 21

7. Извештај за опременост и одржување на зградата на судот -------------- 22

8. Извештај за извршени и планирани јавни набавки---------------------------- 23

9. Извршување на буџетот и финансиска анализа за 2018 година -------- 24

.

.

.

# ИЗВЕШТАЈ

# За работата на Апелациониот суд Битола за 2018 година

## 1.Податоци за работа со предмети

Апелациониот суд во Битола, вршејќи ја Судската власт, како самостоен и независен државен орган во 2018 година преку постапување во конкретни предмети, врз основа на Уставот на РМ, меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, процесните и материјалните закони, Законот за судовите, Судскиот деловник, Распоредот за работа и Програмата за работа за 2018 година, обезбеди примена на правото и заштита на човековите слободи и права во рамките на својата надлежност.

Во 2018 година, Судот со ангажирање на вработените, судиите, стручниот кадар и административно - техничкиот персонал, ефикасно и квалитетно ја изврши судската функција.

Во 2018 година, Апелациониот суд во Битола, работеше со пополнети 22 судиски места заедно со Претседателот на судот од вкупно предвидените 25 судиски места согласно Одлуката на Судскиот совет за бројот на судии во Апелациониот суд Битола, на еден судија член на Судскиот совет на РМ местото на судија му мирува.

Во Апелациониот суд во Битола во 2018 година, пензиониран е еден судски референт дактилограф, на еден судски референт дактилограф му престана работниот однос по негово барање, засниван е работен однос со вработен кој ќе врши помошно технички работи- оператор на телефонска централа.

На крајот на годината заклучно со 31.12.2018 година, во судот биле вкупно 77 вработени, од кои 22 судии, 51 судски службеник и 4 други вработени кои вршат помошно технички работи.

Според статистичките податоци за бројот на предметите што се во работа во 2018 година споредбено со 2017 година

Во **Кривичниот оддел** се констатира намалување на новопримени предмети за **394,** во КЖ уписникот за 78 предмети, во ПРКЖ уписникот за 300 предмети, во КСЖ уписникот зголемување за 13 предмети предмет, во КЖМ - уписникот намален е приливот за 21 предмети, а во КР – уписникот намален е приливот за 8 предмети.

Во **Граѓанскиот оддел** има намалување на бројот на предмети за вкупно **463** предмети од кои: во ГЖ- уписникот во однос на 2016 година зголемен е приливот за 73 предмети, во ТСЖ уписникот намален е приливот за 279, во уписнискот РОЖ намален е приливот за 250 предмети, а во уписникот Р има намален прилив за 7 предмети намален е приливот.

Споредбено со 2017 година намален е приливот на предмети за вкупно 857 предмети, кои се опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет.

Бројот на предметите Су, ИЗЗ, Су-ДОВ и УПП се зголемени во однос на 2017 за 147 предмети.

**Видно од *Табелата 1-3* за сумарниот преглед на предмети за 2018 година е прикажана состојбата со прилив на предмети во текот на годината во сите оддели во споредба со 2017 година.**

**Во 2018 година вкупно во работа беа 6451 предмети** кои се опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет и **1244 предмети** од Судската управа.

**Во 2018 година се решија вкупно 5921 предмети**, опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет и **1244** предмети од судска управа.

**Во 2018 година се реши приливот и за 254 предмети е намален остатокиот на предмети опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет.**

Во Апелациониот суд Битола вкупно **просечно месечно се решавале по 518,24** предмети без тие на судската управа.

Судиите во Апелациониот суд Битола, поединечно, месечно, сметано за 10,5 месеци оствариле просек на решени предмети **по 26,61 предмети** без тие на судската управа или во **кривично по 22,05 предмет,** а во **граѓанско по 27,63 предмети.**

На годишно ниво судиите од Граѓанскиот оддел оствариле просек на решени предмети по судија секој по 518,24 предмет или процентот на остварено просечна годишна ориентациона норма во Граѓанскиот оддел е 125,38 %, а во Кривичниот оддел судиите оствариле просек на решени предмети по судија секој по 88,2 предмет или процентот на остварено просечна годишна ориентациона норма во Кривичниот оддел е 168 %, или на ниво на Суд секој судија остварил просек на решени предмети од по 518,24 предмети, или процентот на остварено просечна годишна ориентациона норма на ниво на суд е 131,58%.

Детални податоци по видови на решени предмети просечно месечно се дадени во ***Табелите 2-1 и 2-2***

## ***Квалитет на работа вкупно на Апелациониот суд во Битола***

**Според податоците за вратените предмети од страна на Врховниот суд на РМ**

**Квалитетот на ниво на суд е:**

**потврдени - 143** предмети или **74,86% од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 2,72%.**

**укинати - 34** предмети или **17,8%** од **од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,64%.**

**преиначени - 14** предмети или **7,32 % од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,26%.**

**Квалитетот во Граѓанскиот оддел** е следниот:

**потврдени** - **109** предмети или **72,66 % од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 2,52%.**

**укинати** - **28** предмети или **18,66 % од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,64%.**

**преиначени** - 13 предмети или **8,66 % од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,30%.**

**Квалитетот во Кривичниот оддел** е следниот:

**потврдени** - **34** предмети или **82,92 % од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 3,67%.**

**укинати** - **6 предмети или 14,36% од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,64%.**

**преиначени – 1 предмет или 2,43% од вкупно предмети по кои што бил изјавен правен лек или вкупно решените предмети 0,10%**

Квалитетот на предметите е пресметан во однос на вкупно решените предмети од уписниците за кои е дозволен вонреден правен лек, при што не се вклучени решените предмети од уписниците КР и Р за кои не е дозволен вонредно правен лек

Детални податоци дадени се во ***Табела 3-1 и Табела 3-2* .**

На крајот на 2018 година по сите видови предмети вкупно останаа нерешени 530, што според просечно месечно решени предмети по судија од 26,61 предмети, **ваквиот заостаток може да се реши за 1 месец, што е исклучително добар резултат и го прави судот ефикасен.**

**Имајќи ги во предвид статистичките податоци за времетраењето на постапката по завршените кривични и граѓански предмети,** состојбата на ниво на АС Битола во однос на просекот на **времетраење на постапката** по сите видови е следна:

- **<u>до еден месец</u>** се решени **2909** предмети или **49,13 %**
- **<u>од 1 до 3 месеци</u>** решени се **1583** предмети или **26,73%**
- **<u>од 3 до 6 месеци</u>** се решени **1371** предмети или **23,15 %**
- **<u>над 6 месеци</u>** решени се **58** предмети или **0,97 %.**

Во 2018 година на крајот на годината останаа вкупно 31 стар предмет, од кои 15 предмети се кривични, 1 е прекршочен, 7 предмети се граѓански и 7 предмети трговски и 1 предмет од работни спорови.По години состојбата е, 2015 година 3 предмети, 2016 година 7 предмети, 2017 година 2 предмети и 2018 година 2018 предмети.

Детални податоци дадени се во ***Табела 4.***

**Приоритетните предмети** посебно се евидентираат и месечно се следат на начин што секој судија добива од писарницата податок за тоа колку предмети приоритетни има решено во претходниот месец и колку има нерешени на почетокот на месецот.

Како приоритетни се сметаат оние предмети кои како такви се определени во закон и во Судскиот деловник.

Во Апелациониот суд Битола во 2018 година како приоритетни решени биле вкупно 1757 предмет, а останале нерешени 137 предмет на крајот на годината, 70 граѓански предмети и 67 кривични предмети.

## 2. Извештај за усогласување на судска пракса

### *ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ*

Граѓанскиот оддел во текот на 2018 година одржа вкупно 15 седници на кои беа разгледани 29 правни прашања и беа утврдени 17 заклучоци на тие седници.

Дел од правните прашања разгледувани на седниците на Граѓанскиот оддел беа иницирани од судиите на овој Оддел, дел беа иницирани од граѓанските оддели на Основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Битола. На седници на граѓанскиот оддел беа разгледани и прашања кои што се однесуваа на воедначување на судската пракса при решавање на конкретни предмети.

На седниците на Граѓанскиот оддел беа иницирани и разгледувани и спорни прашања и референтни одлуки кои се разгледуваа на средбите на Апелационите судови одржани на: 11 - 13 април 2018 година во Скопје, 28 и 29 јуни 2018 година во Струга и 04, 05 и 06 декември во Струмица во кои учество зедоа и судии од Врховниот суд на Република Македонија и од Судскиот совет на Република Македонија. На последната средба одржана во Струмица учество зеде и Претседателот на Владата на Република Македонија господинот Зоран Заев.

На одржаните седници на Граѓанскиот оддел, од вкупно разгледаните правни прашања иницирани од судиите на овој оддел, беа утврдени следните заклучоци:

- Ако со Колективен договор правото на регрес не е поврзано со деновите поминати на годишен одмор во тој случај регресот доспева за исплата на 01.01. наредната година.
  Ако со Колективен оговор правото на регрес е поврзано со деновите поминати на годишен одмор а работникот го искористил целиот годишен одмор во тековната година, правото за исплата на регрес доспева на 01.01 наредната година.
  Ако со Колективен договор правото на регрес е поврзано со деновите поминати на годишен одмор а работникот дел од годишниот одмор искористил и во наредната година, правото за исплата на регрес доспева на 30.06 наредната година.
  .
- Првостепениот суд во фазата на претходно испитување на тужбата, ќе утврдува дали тужбата е уредна односно дали тужбата покрај другите податоци наведени во член 98 став 3 од ЗПП, ги содржи иподатоците за електронското сандаче за достава на писмената регистрирано согласно закон. Доколку во наведената фаза првостепениот суд утврди дека тужбата поднесена од адвокат, државен орган односно орган на државната управа, единиците на локалната самоуправа и лицата кои вршат јавни овластувања, не содржи податоци за електронско сандаче за достава, тогаш истата ќе ја отфрли со решение како неуредна, а согласно со член 101 став 1 и став 2 од ЗПП.

- Првостепениот суд ќе цени дали жалбата на странката е уредна во смисла на член 98 став 3 и 4 од ЗПП при испитување на жалбата согласно член 339 од ЗПП, па доколку утврди дека истата не е уредна и не ги содржи сите податоци меѓу кои и податокот за електронско сандаче за достава, првостепениот суд ќе ја отфрли жалбата како неуредна После моментот кога жалбата е доставена на одоговор на другата страна, првостепениот суд не може да ја отфрли како неуредна поради менање податок за екетронско сандаче за достава.

- Првостепениот суд ќе го отфрли како недозволен приговорот на должникот против решението за издавање на нотарски платен налог, доколку во судската постапка по приговорот се утврди дека приговорот на должникот не е составен од адвокат и не содржи адвокатски печат и потпис, кои се задолжителни согласно член 65 од Законот за нотаријат.

- Кога одлучува второстепениот суд по жалба изјавена од извршителот кој го спроведува извршувањето, а учесниците во постапката (доверител, должник и трето лице) поднесат одговор на жалба, доколку жалбата биде одбиена како неоснована, извршителот е должен на подносителот на одговорот на жалба да му ги надомести парничните трошоци. (мислење усвоено на состанок на претседателите на советите а прифатено од сите судии)

- Во постапка за противизвршување не е дозволено повторување на постапката.

- Доколку недвижноста во катастарската евиденција се води како земјоделско земјиште а истата пред експропријацијата е опфатена со детален урбанистички план, надоместокот ќе се определи како за градежно земјиште.

- На правно лице ДООЕЛ кое престанало да постои пред поднесување на тужбата согласно член 550 од ЗТД, може да му се постави привремен застапник.

- Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за платите на судиите и по Правилникот за додатоците на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судиите во Република Македонија донесен од страна на Судскиот совет на РМ на 22.03.2016 година на судиите им следуваат додатоци на плата ( за посебни услови на работа, постоење на висок ризик и доверливост) во висина од 35% од основната плата на судијата.

  Согласно Правилникот за додатоците на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судиите во Република Македонија донесен од страна на Судскиот совет на РМ на 28.03.2017 година на судиите им следуваат додоатоци на плата во висина на расположивите средства за оваа намена а месечниот износ ќе се определи со вештачење.

Во текот на 2018 година, на седниците на граѓанскиот оддел беа разгледани и правните прашања кои беа предложени за работните средби на апелационите судови за хармонизација на судската пракса, како од граѓанскиот оддел на Апелационен суд Битола, така и од граѓанските оддели на останатите апелациони судови во Република Македонија и по истите се донесени заклучоци, за кои се изготвени посебни записници и тоа:

- Претпоставените наследници на починатото физичко лице кое е запишано во имотен лист како сосопственик на недвижен имот, немаат пасивна легитимација во постапката за физичка делба на недвижен имот или вопостапката за уредување меѓи. (со напомена да се побара начелен став од страна на Врховен суд на РМ).

- Во постапка за физичка делба на заеднички имот, не може да се оддели само реалниот дел на предлагачот, а останатиот дел од имотот да остане

во сосопственост на останатите сопственици, и при делбата мора да се одделат реалните делови на сите сосопственици запишани во имотниот лист.(со напомена да се побара начелен став од страна на Врховен суд на РМ).

- Жалбата поднесена од полномошник адвокат која не содржи податок за електронско сандаче за достава, а по изјавената жалба не биле превземени дејствија со доставување на жалбата на одговор допротивната страна, ќе се отфрли.

- Доколку во тужбата, одговорот на тужба или во други поднесоци биле наведени податоци за електронско сандаче, а тоа не било сторено во жалбата и во жалбата не се наведени податоци за електронско сандаче, жалбата нема да се отфрли и по истата ќе се постапува, бидејќи во дотогашниот тек на постапката биле познати податоците за електронско сандаче.

- Ако во тужбата, одговорот на тужба или во други поднесоци не се наведени податоци за електронско сандаче, и тоа не било сторено ниту во жалбата, па жалбата не содржи податок за електронско сандаче, а жалбата била доставена на одговор до спротивната страна, жалбата неможе да се отфрли како неуредна поради немање на податок за електорнско сандаче за достава.

- За вработените во јавниот сектор, трансформацијата на работниот однос од определено на неопределено време целосно е уредена со Законот за вработените во јавниот сектор.

- Обврската за исплата на регрес за годишен одмор согласно член 91 од Колективниот договор на Електрани на Македонија стасува за наплата на 01.10-ти тековната година.

- Трошоците направени за рочиштето за објавување на пресудата се потребни трошоци во смисла на член 149 од ЗПП.

- Првостепениот суд во записникот за расправата задолжително треба да констатира дали има услови за тонско снимање на рочиштето. Доколку ваква констатација на записникот нема, а расправата не е тонски снимена, првостепениот суд сторува суштествена повреда на постапката на која второстепениот суд внимава по службена должност.

- Со престанок на должноста извршител, извршителот кој е физичко лице со јавни овластувања, одговара за долговите што ги направил додека ги вршел јавните овластувања на извршител.

- Побарувањата за користење на паркинг за возила, за паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, застаруваат во рок одпределен со посебниот закон, односно Законот за комунални такси и изнесува две години.

- При изготвување на стручен наод и мислење и определување на вешти лица се применуваат одредбите од член 236 од ЗПП и вештите лица можат да вештачат ако имаат лиценца за вештачење и се запишани во регистарот на вештаци, без оглед дали се регистрирани како трговци поединци или во трговско друштво согласно Законот за трговски друштва.

- Во случај кога странките доставуваат различни вештачења, ане можат да се усогласат вештите лица, судот може да определи супер вештачење, иако нема наредба од страна на судот, согласно член 246 став 2 од ЗПП.

- Судот може да прифати за доказ и да ја заснова својата одлука врз основа на вештачење изготвено од вешто лице чија лиценца за времетраење од 5 години во моментот на вештачењето била истечена, но истиот се уште е запишан во Регистарот на вешти лица.

- Доколку е изјавен приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог, во секоја фаза на постапката приговорот може да се отфрли доколку не е составен согласно член 68 став од Законот за нотаријат ( овој заклучок ќе се применува се додека Врховен суд не се произнесе по истиот).

- Рокот на застареност, се засметува пет години station наназад од поднесување на тужбата, во постапките каде Фондот за ПИОМ бара враќање на исплатените средства во случај кога правото е утврдено со решение, а со друго решение е укинато тоа право и тоа ретроактивно.

- Основните и апелационите судови во постапките за определувањето на надоместокот за експропријација да постапуваат итно, соглансочлен 244 од ЗВП.

  При определувањето на надоместокот судот да ги применува одредбите од член 245 и член 246 од ЗВП, а особено да има активен однос и тој да определува вештачење во случаите каде има потреба и вештачењето да биде изготвено согласно Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот.
  Основица за пресметување на трошоците во оваа постапка да биде 7.000,00 денари согласно Тарифата за награда и надоместоци на трошоците за работа на адвокатите.

- Кога штетата е причинета со кривично дело за кое штетникот е олгасен за виновен, а оштетениот во кривичната постапка предјавил оштетно побарување, настанал прекин на застареноста и рокот на застареност од член 366 од ЗОО, спрема одговорното лице, почнува да тече одново окако оштетениот ја примил правосилната кривична пресуда.
  Кога штетата е причинета со кривично дело, а оштетениот во кривичната постапка предјавил оштетно побарување, при што кривичната постапка завршила со одлободителна пресуда, со пресуда со која обвинението е одбиено или со решение со кое кривичната постапка е запрена, а оштетениот за остварување на оштетното побарување бил упатен на редовна граѓанска парница, не настапува застареност на побарувањето

самодоколку оштетениот во рок од три месеци предвиден вочлен 379 од ЗОО, поднесе тужба за остварување на надомест на штета. ( со мнозинство усвоен заклучок)

- Во согласност со со чен 205 од ЗОО, не може да се бара враќање на неосновано платени износи на име надомест на штета поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт, доколку исплатата е извршена на совесен прибавувач.
  Совесноста на прибавувачот се претпоставува.
  Доколку пресудата врз основа на која е исвршена исплатата во постапка по вонреден правен лек-ревизија биде преиначена или укината, прибавувачот станува несовесен од моментот на приемот на ревизиската одлука. Прибавувачот во таков случај е во обврска на исплатувачот да му ја врати казнената камата која ја наплатил на исплатениот надомест на штета и досудените и наплатени парнични трошоци во постапката за досудување на надоместок на штета. 9Со мнозинств оусвоен заклучок).

- Рокот за застареност за надомест на штета започнува да тече одново доколку тужбата е поднесена во рок од три месеци од приемот на правосилната пресуда со која е завршена кривичната постапка во која е истакнато оштетно побарување.

- Доколку во текот на извршувањето дојде до промена на средството за извршување, примената на Законот за извршување нема да се цени според моментот на поднесување на барањето за извршување, туку на веќе започнатото извршување ќе се применува Законот за извршување (Сл.весник на РМ бр.72/16) кој се применува од01.01.2017 година со сите негови измени и дополнувања.

- На работникот -административен службеник (дравен или јавен службеник) когому престанал работниот однос со решение за откажување на договорот за вработување, односно на кого му била изречена дисциплинска мерка-престанок на вработувањето, а решението поподнесена жалба е поништемно од страна на Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување пожалби и приговори на административни службеници, му следува надоместок на штета од незаконит престанок на работен однос на име неисплатени плати и продонеси од плати, за периодот од престанокот на работниот однос до повторното враќање на работа.

- Кога во постапката за физичка делба на заедничкиотпредмет или имот ќе се утврди дека не еможно заедничкиот предмет или илот да се подели или ако со тоа значително би се намалиланеговата вредоност, делбата ќе се изврши со негова продажба.

  Продажбата ќе ја врши надлежен извршител.
  Во постапката за физичка делба на заеднички предмет или имот не може да се продава објект кој е изграден без одобрение за градба икој не е запишан во имотен лист.
  Предлогот за физичка делба во таков случај ќе биде одбиен.

- Актите донесени од работодавецот не претставуваат закони или други прописи кои се објавуваат во Службен весник на РМ, па можат да имаат ретроактивно дејство но само доколку се поповолни за работникот.

- Трошоците на бранителот при застапување на деца во постапката пред МВР, согласно член 116 став 11 и став 12 од Законот за правда на децата, ќе паднат на това на Министерството за правда односно Буџетот на РМ, само кога поставувањето на бранител е во согласност со Законот за правда на децата и Законот за бесплатна правна помош, односно кога родителот односно старателот ќе достави доказ дека вкупните месечни приходи се помали од просечната плата во Република Македонија, за што треба да достават потврда најкасно во рок од 5 дена од добивањето на известувањето од ЦСР за потребната документација.

Во рамките на донесената Програма за работа на Апелациониот суд Битола за 2018 година беше утврден и распоред за заеднички средби со судиите од граѓанските оддели на Основните судови од Подрачјето на Апелациониот суд Битола и за посети на основните судови. Во рамките на распоредот за средби и посети во текот на 2018 година беа одржани средби на судиите од Апелациониот суд Битола со судиите на Основните судови на кои беа презентирани заклучоците донесени од страна на Граѓанскиот оддел на овој суд, како и со заклучоците донесени на средбите на четирите апелациони судови со цел хармонизација на судската пракса. Исто така, беа запознати со можноста од користење на внатрешната веб страна на судот, заради запознавање и користење на судската пракса.

Во рамките на редовните посети на Основните судови беа разгледани старите нерешени предмети, а истовремено на заедничка седница со судиите од Граѓанските оддели на Основните судови во кои беше извршена посета беа разменети мислења по поставени правни прашања и проблеми со кои истите се среќаваат во секојдневното работење. За извршениот увид на старите нерешени предмети и за причините во врска со долгото траење на постапката по истите, од страна на судиите кои учествуваа на овие работни посети изготвени се писмени извештаи кои се доставени до Претседателот на Апелациониот суд Битола.

На седницата на Граѓанскиот оддел исто така беа разгледани дел од одлуките на Врховниот суд на Република Македонија по претходно поднесен извештај од Одделот за судска пракса при АС Битола.

## ***КРИВИЧЕН ОДДЕЛ***

Во текот на 2018 година Кривичниот оддел при Апелациниот суд работеше со четири судии .

Согласно бројот на предмети од кривична и прекршочна област во одделот има потреба од работа на уште двајца судии . Со оглед да еден судија е член на судскиот совет на РМ , работното место му мирува а има потреба од избор барем на уште еден судија кој ќе работи на кривична материја.

Во текот на 2018 година од страна на Кривичниот оддел на Апелациониот суд Битола одржани се 11 седници на одделот. На седниците беа разгледувани вратените одлуки на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавените жалби по вонредните правни лекови при што особено место и значење беше давано на одлуките со кои беа укинати одлуките на Основните или Апеациониот суд и преиначените одлуки. Исто така на седниците на одделот беа разгледувани и беа давани правни мислења по однос на правни прашања на другите Апелациони судови во Република Македонија кои потоа беа разгледувани на заедничките средби на четирите Апелациони судови на Република Македонија кои се одржаа **на** 11 до 14 април 2018 во Скопје, на 28 и 29 јуни 2018 година во Струга и на **05 - 07декември 2018 година во Струмица .**

Покрај тоа на седниците на Кривичниот оддел се разгледуваа и пресудите на Европскиот суд за човекови права од Стразбур.

Од страна на Кривичниот оддел во текот на 2018 година беа донесени следните :

З А К Л У Ч О Ц И

.

- Второстепениот суд, клаузулата за правосилност ја става само на судски одлуки кои се донесени по основ на одржана расправа пред второстепениот суд, на која потпис ќе стави судијата кој раководи со расправата пред второстепениот суд, односно претседателот на советот. На сите останати одлуки клаузулата на правосилност ја става првостепениот суд.
  Клаузулата на извршност во сите одлуки ја става првостепениот суд во согласност со членот 134 став 3 од ЗКП и член 234 став 7 од Судскиот деловник.

- Во прекршочна постапка поведена за прекршоци од член 79 од Законот за јавни патишта судот не може да ја заснова одлуката само врз основа на записникот на МВР за извршен увид на лице место за случена сообраќајна незгода, доколку не е извршен инспекциски надзор од страна на Државниот инспектор при Министерството за транспорт и врски и составен записник за извршен инспекциски надзор во законски предвидена постапка, во која треба да бидат содржани фактите и доказите утврдени при надзорот врз основа на кои судот ја утврдува фактичката состојба, во спротивно се смета дека нема доволно докази за постоење на прекршокот.
- Одредбата на членот 137 став 1 од Законот за правда за децата, според која прекршочната постапка спрема детето може да се поведе пред судијата за деца само ако случајот не е разрешен во претходната постапка за посредување со деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како прекршоци, согласно Законот за прекршоците се однесува на сите дејствија што се предвидени како прекршоци, а не само на дејствијата предвидени во ЗБСП.
  Судот е должен да испитува при приемот на барањето за поведување на прекршочната постапка поднесено против дете, дали е спроведена

претходна постапка на посредување, во спротивно ќе го врати барањето на подносителот да ја спроведе постапката, а доколку подносителот на барањето не постапи по укажувањата на судот постојат услови ваквите барања да бидат отфрлени, согласно член 93 став 1 и 2 алинеја 5 од Законот за прекршоците.

- Во ситуација кога, по отпочнување на главната расправа на која обвинетиот не ја признал вината, а бранителот на обвинетиот во листата на докази не предлага испитување на обвинетиот, подоцна, доколку обвинетиот стане недостапен за органите за прогон и од страна на Кривичниот совет се донесе решение на обвинетиот да му се суди во негово отсуство, изјавата на обвинетиот дадена на записник во текот на истражната постапка пред ОЈО, може да се прочита во смисла на член 391 став 3 од ЗКП , според кој член доколку на главната расправа обвинетиот не даде исказ или даде поинаков исказ за одделни факти или околности, јавниот обвинител може да бара да се прочита или да се репродуцира исказот на обвинетиот даден претходно во постапката согласно со членот 207 од овај закон.
Меѓутоа, треба да се има во предвид во која фаза на постапката обвинетиот станал недостапен, во смисла на тоа дали се работи за нова околност која не му била позната на ОЈО кога доставувал листа на докази.

- Бранителот на обвинетиот, при вкрстено испитување на сведокот, може да му предочува дел од неговиот исказ даден во текот на неговото испитување на записник пред јавниот обвинител, во смисла на член 388 став 2 од ЗКП.

- Трошоците настанати пред второстепениот суд се само оние трошоци настанати со одржана седница и одржана расправа. Сите други се трошоци за кои треба да одлучува првостепениот суд.

- Осуденото лице нема право да поднесува барање за условен отпуст доколку не се наоѓа на издржување на казна затвор во моментот на поднесување на барањето за условен отпуст, во смисла на член 36 став 1 од КЗ.

- Амнестираниот дел од казната затвор не треба да се прифати и засмета како издржан дел од изречената казна затвор при утврдување дали се исполнети законските услови за условен отпуст во смисла на член 36 став 2 и 3 од КЗ.

- Кога кривичната постапка се води по службена должност, странки во постапката се јавниот обвинител и обвинетиот, не може да се бара зголемување на наградата за одбрана на обвинетиот заради учество на повеќе учесници во постапката ако во постапката има и оштетени. Ова од причина што во делот II од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите е определена Награда за одбрана и застапување за работа на адвокатите а во чл.8 т.14 од Тарифата е регилирана наградата за поднесоци кога во постапката се бара зголемување доколку се бранети повеќе лица или има сообвинети па во

вакви услови, одредбата на чл.8 т.12 од Тарифата не може да се однесува на поднесоците во кривичната постапка .

- Со оглед на одредбите од член 118 од Кривичниот законик, кривичното законодавство важи за државјанин на РМ и кога во странство ќе стори некое кривично дело, освен кривичните дела наведени во членот 117 од Кривичниот законик, ако се затече на територија на РМ или биде екстрадиран. И покрај тоа што македонското законодавство важи, а со тоа е надлежен и првостепениот суд, судот треба да утврди дали кривичното дело се казнува според законот на земјата во која е сторено делото, а тоа во врска со видот и висината на казната која што треба да се примени доколку странскиот закон е поблаг, како би се запазило начелото од член 4 од ЗКП.
  Одредбите од член 120 став 2 и 3 од Кривичниот законик се однесуваат на кривични дела кои се гонат по службена должност заради што , кога во случаите од член 118 и 119 став 1 од КЗ, според законот на земјата во која е сторено делото не се казнува, може да се превземе гонење само по одобрение на Јавниот обвинител на РМ.
  Кога се работи за кривично дело за кое не се гони по службена должност, одобрение од Јавниот обвинител на РМ не е потребно, но во секој случај потребно е да се утврди дали конкретното дело е казниво во странската држава и секако која е предвидената санкција, па да се применело начелото „in dubio pro reo“ .

Покрај наведените активности, преку Кривичниот оддел се одвиваше комуникацијата на судиите од Апелациониот суд Битола кои работат од кривичната и прекршочната област со Основните судови со оглед да со распоредот за работа се определени судии кои ја координираат работата на Основните судови на Апелационото подрачје . Во таа насока поставувани се определни правни прашања од судиите на Основните судови од областа на нивното работење. При тоа Кривичниот оддел донесуваше заклучоци по тие правни прашања и ги испраќаше на Основните судови.

Покрај редовните седници на Кривичниот оддел. ааради релативно малиот број на судии во секојдневните контакти се разменуват мислења помеѓу судиите и меѓусебни известувања за правни ставови по определени правни прашања . Во деновите кога советотот од петмина одлучуваше во рамките на својата надлежност се користеше присуство на судии и стручни соработоници и надвор од седницата на одделот, неформално се разгледуваат правни прашања од практична примена на материјалното право и процесното право од кривична и прекршочна материја.

## СОРАБОТКА СО АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Повеќе години наназад се воведе нов метод и вид на соработка помеѓу Апелационите судови, поточно Кривичните оддели од тие судови со организирање на заеднички средби. Целта на тие средби била секогаш во смисла на воедначување на судската пракса за примената на Кривичниот законик, Законот

за кривичната постапка, Законот за прекршочни и други закони од областа на кривичното право и прекршоците. Оваа 2018 година се организираа 3 такви заедничките средби на четирите Апелациони судови на Република Македонија и Врховниот суд на РМ кои се одржаа **на** 11 до 14 април 2018 во Скопје, на 28 и 29 јуни 2018 година во Струга и на **05 – 07 декември 2018 година во Струмица на кои** беа разгледувани спорните правни прашања и се заседоа заеднички ставови во врска со постапувањето на четирите Апелационите судови.

Согласно чл.37 ст.1 алинеја 1 од Законот за судовите, Врховниот суд на Репулика Македонија утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите. Тоа го чини и по сопствена иницијатива на седниците на судиите или по иницијатива на судските оддели од судовите. Од тие прични сите одлуки од Врховниот суд се разгледуваат посебно на седниците на Кривичниот оддел на Апелациониот суд Битола.

## СОРАБОТКА И ЕДУКАЦИЈА НА СУДИИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА ПОРАЧЈЕТО НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА

Според програмата на Апелациоиот суд во Битола беше предвидена меѓу другото и соработка помеѓу Кривичниот оддел на Апелациониот суд во Битола со Кривичните одели на Основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Битола.

Во текот на 2018 година извршени се работни средби со Основните судови и тоа во почетокот на годината кои се организирани во Апелациониот суд во Битола и работни посети на основните судови во втората половина на 2018 година. На работните средби како и при извршените работни посети се посветува внимание најпрво на прашањето со решавање на старите предмети.

Се очекува дека во 2019 година ќе се подобри соработката во оваа смисла заради потребата од разјаснување на одредени спорни прашања кои се јавуваат при примена на законите .Ова кога се има во предвид дека во 2019 година се очекува донесување на нови закони кои се од особено значење како што се нов Закон за кривична постапка и нов Закон за прекршоци.

Едукацијата на судиите во текот на 2018 година се организираше преку Академијата за судии и јавни обвинител со посета на советувања и обуки и други активности кои судиите во целост ја остварија.

## ***ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКСА***

Согласно со надлежноста определена со Судскиот деловник, како и програмата за работа на Апелациониот суд Битола за 2018 година, во предметниот период Одделот за судска практика континуирано работеше на реализација на планираните активности, со дополнително имплементирање на нови активности. Истото со цел што поефикасно да се постигне воедначување на

судската пракса на ниво на Апелационен суд Битола, на основните судови од подрачјето за кое истиот суд е надлежен да одлучува во втор степен, како и судската пракса на четирите апелациони судови во Република Македонија. Тоа значи и ефикасна имплементација на принципот на владеење на правото

Одделот за судска практика на Апелациониот суд Битола континуирано соработува со Кривичниот и Граѓанскиот оддел, кои својата активност ја реализираат на одржаните седници, на кои се реферирани и правно образложувани конкретните правни прашања и правни ситуации за кои судиите бараат да се усогласи праксата на поодделните совети, како и за примена на одредени измени во процесни и материјални закони кои создаваат дилема во примената во пракса. Во рамки на тие активности, на седници на Граѓанскиот и Кривичниот оддел се разгледуваа и се посочуваа предмети во кои се заземале различни правни ставови и се носеле различни одлуки по исти или слични правни прашања, заради воедначување на судската пракса. Граѓанскиот и кривичниот оддел во координација со Одделот за судска практика, на одржаните седници, ги поставија на дневен ред сите спорни правни прашања кои се поставени во текот на 2018 година.

Во работата на Одделот, освен Претседателот на одделот, ангажирани беа сите стручни соработници по пат на ротирање, со едномесечен ангажман, а свој придонес дадоа и континуираните состаноци и средби на претседателите на советите организирани со цел координација и оперативно договарање за начинот на решавање на спорни правни ситуации, кои не се во надлежност на работата на одделите, а се од значење за воедначено постапување на поодделните совети.

На седница со претседателите на двата оддели е донесен план за следење на судската пракса и на општествените појави и односи од значење за судската пракса.

Од програмата за работа на одделот за 2018 година, реализирани се следните активности:

1. Во библиотеката на судот во електронска и печатена форма се евидентирани и ставени на увид одлуките не Европскиот суд за човекови права во Стразбур;

2. Во библиотеката на судот во електронска и печатена форма се евидентирани и ставени на увид досега издадените билтени на судска пракса на овој суд, како и на останатите Апелациони судови

3. Донесени се **заклучоци на седници на Граѓанскиот и Кривичниот оддел** по правни прашања иницирани од поодделни судии или совети, како и од основните судови од подрачјето на овој суд, кои се достапни за сите судии во електронска и печатена форма.

4. Со Апликацијата за електронска евиденција на судска пракса, која е ставена во употреба од месец февруари 2017 година, редовно се внесуваат сентенци изготвени од судии и стручни соработници на овој суд, од референтни одлуки на Апелационен суд Битола, како и на Врховниот суд на Република

Македонија, како и други пишани материјали кои се од значење за судската пракса на Овој суд. Под контрола на Претседателот на Оддлеот за судска пракса, во координација со Претседателот на Апелационен суд Битола, се врши редовно ажурирање и одржување на податоците во новата Апликација. Констатирано е дека судиите не многу често ги користат материјалите кои ги содржи базата, на што ќе треба да се поработи во 2019 година за да се анализираат причините.

5. Во библиотеката на судот ќе биде депониран записникот од средбата на четирите апелациони судови што се одржа во Струмица во месец Декември 2018 година, кој е во подготовка, а треба да биде одобрен од страна на сите апелациони судови, учесници на средбата на која Апелациониот суд Битола беше домаќин. Веќе се депонирани записниците за работата на четирите апелациони судови на средбите одржани во месец Ноември 2017 година, како и Април и Јуни 2018 година.

6. Позначајна реализирана активност во работата на Одделот за судска пракса е изготвувањето на месечни извештаи и анализи, во кои се содржани сентенци од избрани референтни одлуки на Апелациониот суд Битола и Врховниот суд на РМ по вонредни правни средства против одлуки на овој суд, изработени од стручните соработници, во координација со Претседателот на одделот. Секој месечен извештај се доставува до судиите, кои на седница на оддел ги разгледуваат избраните сентенци и ги одобруваат или предлагаат измени и дополнувања, со тоа што финалната верзија на месечниот извештај ја има секој судија во печатена форма, истиот е истакнат на внатершната интернет страна и депониран во библиотеката на судот во печатена форма. Ваквиот начин на работа е поддржан и прифатен од сите судии, а се констатира поголема ефикасност и достапност на судските одлуки кои се референтни, до сите судии и стручни соработници.Судиите преку извештаите за работа имаат увид во донесени одлуки од други совети, согледуваат евентуални недоследности во примената на Заклучоците на Граѓанскиот и Кривичниот оддел или потребата од донесување на нови заклучоци или правни ставови.

7.Посебна соработка со Одделот за судска пракса на Врховниот суд на Република Македонија во 2018 година не е реализирана, а истата сеуште се одвива само преку работните средби на четирите апелациони судови. Нема иницијативност од Врховниот суд нити за стручни средби со овој суд, нити за координација и усогласување на различните ставови на Апелационите судови.

8.Со одделите за судска пракса на останатите апелациони судови соработката се одвива преку работните средби.

9. Библиотеката на судот е збогатена со најнови изданија на закони и друга стручна литература, која се набавува по иницијатива на Претседателот на судот Елизабета Манели Ташевска.

10. Претседателот на одделот, заедно со претседателите на одделите за судска пракса на останатите апелациони судови, на Врховниот суд на РМ, Управниот и Вишиот управен суд,во текот на месец Јуни 2018 година присуствуваше на неколкудневна работна посета на Уставниот суд,Врховниот суд, Вишиот трговски суд на Република Хрватска ,како и Жупанискиот суд во

Загреб, во рамки на која беа презентирани тамошните практични искуства од воедначувањето на судската пракса. Сознанијата се веќе пренесени на Претседателот на АС Битола и на сите судии, а искуствата веќе се имплементираат во работата на одделот на овој суд. Во планираните активности за 2019 година ќе се настојува судската пракса да се следи тековно, за да може да се интервенира навремено во евентуални недоследности и неконзистентности од примената на заклучоците на одделите и судската пракса, како и новите законски одредби. Исто така,се планира секојдневно следење на новите закони и измени на постоечките, преку одговорниот стручен соработник во координација со Претседателот на одделот.

11. Во работата на одделот целосно се применуваат процедурите и ИСО стандардите предвидени во планот и програмата за работа на судот, а за правилната примена и имплементација, после извршената ревизија, одделот доби високо задоволителна оценка.

12. Издаден е Билтен на судската пракса на Апелациониот суд Битола за 2018 година.

## 4. Извештај од извршени посети на пониските судови

**Во 2018 година од Апелациониот суд Битола извршени се посети на Основните судови** на начин и динамика предвидена во Програмата за работа на Судот.

Во 2018 година извршени се по три работни посети на Основните судови, и тоа една работна посета во првото полугодие на сите судови во периодот од 03-ти и 04 - ти месец 2018 година, а во второто полугодие од годината исто така извршени се посети на Основните судови во периодот од 11-ти до 12-ти месец 2018 година.

Посетите беа организирани на начин што, Претседателот на АС Битола, со работна група изврши работни посети и преглед на работењето по сите видови на предмети и уписници, заради констатирање на состојбата со примена на Законот за управување со движење на предметите во судовите и Судскиот деловник, во двете полугодија. При овие посети беа извршени прегледи на работењето по сите видови на предмети и уписници со цел да се констатира состојбата со примена на судскиот деловник и Законот за управување со движење на предметите во основните судови и да се види дали е постапено по препораките од претходните посети.

Во второто полугодие од годината, посети се извршија на Основните судови од страна на работни групи од судии, заради разгледување на старите предмети и давање на правна помош на судиите за решавање на истите. Овие посети беа осмислени и се реализираја на начин што, се одвиваа повеќе денови во неделата, така што се разгледуваа без исклучок сите стари предмети не по случаен избор и за секој судија на Основните судови беше определен судија на АС Битола, кој што вршеше контрола врз секој предмет поединечно. Во текот на контролата судиите во основните судови беа присутни при контролирањето и

преку непосредна комуникација со апелационите судии се укажуваше на недостатоците или пропустите во постапката и работењето со дирекни укажувања и препораки од страна на апелационите судии како најквалитетно и брзо да се завршат предметите. Ваквиот начин на работа беше воспоставен прв пат во 2018 година, и за разлика од претходниот начин на контролирање на с тарите предмети беа прегледани сите стари предмети без исклучок секој предмет беше разгледан од страна на судијата од Апелациониот суд определен за конкретен судија заедно со судијата кој што го работи предметот.

Ваквиот начин на организирање на посети и контроли одзеде многу време при посетите бидејќи, посетата и контролата во еден суд се одвиваше четири дена, два дена контрола вршеја граѓански судии и два дена судиите кривичари, меѓутоа ефектот се виде во очигледно намалување на бројот на старите предмети во основните судови.

Исто така, во 2018 година, се примени новина во организирање на работните средби помеѓу судиите на АС Битола и судиите на основните судови, и во првото полугодие на годината се организираа средби на граѓанскиот и кривичниот оддел на Апелациониот суд со граѓанските и кривичните оддели на основните судови. На средбите што се одвиваа во просториите на Апелациониот суд Битола беа присутни поголем број на судиите од одделот на АС Битола и судии од одделите на ОС судови и при тоа се разгледуваа заклучоците донесени по правни прашања на одделите на АС Битола и на средбите на четирите апелациони судови.

И ваквиот начин на средби помеѓу судиите одзеде многу повеќе време, отколку стандардните посети и разгледувањето на предмети, меѓутоа истите беа прифатени со задоволство од судиите во основните судови пред се, заради можноста на заедничко разгледување и дискутирање по одредени правни прашања. На овие средби се воспостави конструктивна и харминична работна атмосвера.

Посетите беа организирани на начин што, работната посета и контролата посебно и во различни денови е извршувана од судиите на Апелациониот суд во Битола, кои што работаат во Граѓанскиот оддел и посебно во Кривичниот оддел, согласно Календарот за посети изготвен од страна на Претседателите на Кривичниот и Граѓанскиот оддел.

За извршените посети и превземените дејствија при посетите, секој судија изготви извештај во рок од 8 дена од извршената посета, кој што е доставен до Основните судови, Судскиот совет, Врховниот суд на РМ и Министерството за правда.

Исто така, беа изготвени и записници и за затекнатата состојба при посетите на с удовите на Претседателот и работната група и во нив е содржана затекнатата состојба во судовите и препораки за надминување на одредени пропусти во работењето.

На внатрешната web страна на Апелациониот суд Битола има објавено формулар со цел истиот да биде пополнет од страна на судиите во советот кој одлучува за предмет заради утврдени неправилности при постапувањето на првостепениот суд и истиот се доставува до Претседателот на Судот, кој понатаму превзема мерка ваквите појави да се сведат на минимум согласно

Законот за управување со движење на предметите во Судовите. Во текот на 2019 година, од страна на судиите до Претседателот на Судот беа доставени формулари со забележани неправилности при постапувањето на судиите во Осовните судови и врз основа на тоа, Претседателот на судот обавуваше непосредно разговор со судијата во врска со забелешките наведени во формуларот.

Исто така, согласно Програмата и Распоредот за работа во Апелациониот суд Битола, определени се судии задолжени за следење на работата на Основните судови, кои што имаат обврска и овластување по барање на Основните судии да се постојано во комуникација заради придонесување на навремено и квалитетно работење на судовите

Претседателот на АС Битола во текот на годината одржа две работни средби со Претседателите на Основните судови од апелационото подрачје на кои се разгледуваа и се расправаше за актуелни прашања и состојби заради подобрување и унапредување на работата на судовите. Комуникацијата со Претседателите на основните судови и Претседателот на АС Битола е секојдневна во интерес на работата на судовите и изедначеност во работењето

## 4. Извештај за односи со јавност

Апелациониот суд Битола поради немање посебна канцеларија и вработен судски службеник за односи со јавноста како канцеларија за таа намена ја користи судската писарница на судот а одговорно лице е Судскиот администратор. Се планира вработување на лице соработник за односи со јавност и човечки ресурси со што ќе се растерети писарницата во давање податоци за одредени предмети на лица кои се јавуваат по телефон, со што ќе се зголеми ефектот во работењето на писарницата врзано за судските предмети.

Во текот на 2018 година Судскиот администратор и вработените во судската писарница секој дневно примаа странки и одговараат на прашања врзани со работата на судот, посебно за предмети кои се во работа , за текот на постапката и исходот од истата, истото тоа се чини и по писмен и електронски пат. Вакви барања имаше околу **3552.** Не е мал бројот на странки кои бараат прием кај Претседателот на судот и Судскиот администратор. Некои приеми се остваруваат истиот ден до колку странките не се од Битола, а некои приеми со закажување.

Во 2018 година во судот примени се **10 барања** по Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер и истите се позитивно решени и за тоа е изготвен годишен извештај согласно чл.37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и на **08.01.2019** доставен е до надлежната Комиија.

Во текот на 2018 година на судскиот web портал од страната на судот биле објавени **вкупно 4.866** анонимизирани одлуки.

Беше одбележан Европскиот ден на граѓанската правда 25 Октомври. По тој повод вратите на судот беа отворени за сите граѓани кои имаат потреба од правна помош, да дознаат за работата на судот, надлежноста а беше и организирана и практична обука со студенти.

Апелациониот суд Битола со судовите од другите апелациони подрачја има добра соработка која се остварува преку заеднички средби на Кривичните и на Граѓанските оддели на кој се разгледуваат прашања од интерес на судовите а пред се за изедначување на судската пракса кој заеднички правни ставови и мислења се дадени во Билтените на судовите.

Комуникацијата е постојана и со судовите од Апелационото подрачје Битола, таа се остварува преку средби на Претседателот на судот со претседателите на судовите од ова подрачје, со судските администратори, со информатичарите во разрешување на проблемите кои се однесуваат на старите предмети.

Во текот на 2018 година, на Веб страната на Судот, редовно беа објавувани Календарот на судења, извештаите за работата на Судот, Распоредот за работа на Апелациониот суд Битола и неговите измени, заклучоците донесени на Граѓанскиот и Кривичниот оддел по спорни правни прашања, заклучоци по спорни правни прашања донесени на Работните средби на четирите Апелациони судови.

## 5. Извештај за информатичка технологија

Функционирањето на судот во делот околу информатичката технологија во текот на 2018 година се одвиваше непречено посебно во делот на употребата на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС). Вработените редовно го користат истиот, а внесените и обработените податоци се пополнуваа целосно и точно. Истиот се користеше редовно за генерирање на најразлични статистички извештаи потребни за месечните, кварталните како и годишните извештаи.

Сметаме дека во АКМИС системот треба да се премине на изработка на програма за вертикално поврзување на судовите со преземање на податоците од електронското досие на секој предмет во повисокиот суд со што од една страна во голема мерка би се олеснила работата на судовите, а од друга страна што е уште поважно би се добиле точни статистички податоци за работата на судовите, без непотребни грешки при заведувањето на податоците за секој предмет во секоја судска инстанца одново .

Во судот има една судница во која се судат граѓански предмети, во која е инсталирана опрема за тонско снимање на рочишта согласно ЗПП. Истата редовно се користи според упатството за тонско снимање и електронски записи на ЦД редовно беа дистрибуиран до странките во постапката.

Во кривичната судница нема инсталирано опрема за аудио и видео снимање на јавните седници, но се надеваме дека во иднина ќе се обезбедат средства од судскиот буџет за соодветно опремување на оваа судница во согласност со ЗКП.

Електронската достава се одвива непречено, меѓутоа само за адвокатите кои се регистрирани на порталот за е -достава. Досега не се имаат појавено проблеми околу доставата.

Што се однесува до хардверската опременост на судот во изминатите две години во судот се набавија 28 нови компјутери, односно 7 во 2017 година и 21 во 2018 година , со што значитечлно се подобри состојбата со старите компјутери. Се очекува во 2019 година да се заменат и останатите компјутери кои се стари веќе 10 години со што комплетно би се обновила опременоста со персонални компјутери, за да може непречено да се извршуваат секојдневните задачи. Во текот на 2018 година беа набавени и 3 мрежни печатари , што е значителен придонес за замена на старите мрежни пречатари во судот кои веќе надминуваат бројка од преку 600.000 копии и чие сервисирање веќе не е економски исплатливо.

Потребна е замена на постоечкиот сервер кој е стар веќе 11 години и поради зголемување на базата на АКМИС системот , меморискиот капацитет на истиот е сведен на минимум, што значително го зголемува ризикот при креирањето на back-up на базата.

Во нашиот суд постои интерна web страна која е хостирана на серверот во судот преку која редовно се известуваат сите вработени за најразлични информации поврзани со секојдневната работа. Ажурирањето на истата се врши секојдневно од страна на информатичарите како и техничкиот секретар на претседателот.

Во функција е и судскиот портал на кој се поставуваат и може да се пребаруваат сите анонимизирани одлуки и истиот редовно се ажурира со сите информации.

Во 2018 година направено е и мрежно поврзување на новата информатичка апликација за Судска пракса, која што од почетокот на 2017 година е во употреба во Апелационен суд Битола со Основните судови на Апелационото подрачје на Битола. Со ова поврзување е овозможен пристап на сите судии и стручните соработници од основните судови да вршат пребарување на податоците кои како судска пракса се внесуваат во Апелационен суд Битола .

Со оглед на брзиот раст и подем на информатичката технологија потребно е постојано стручно усовршување како за информатичарите така и за останатите вработени во судот.. Само со добра континуирана обука ќе биде можно оптимално и правилно користење на хардверската опрема и софверските алатки во секојдневната работа на судот.

## 6. Извештај за опременост и одржување на зградата на судот

Во Зградата на АС Битола сместени се ВЈО и ОЈО Битола, останува непроменета состојба по однос на одржувањето на објектот и АС Битола комплетно ги поднесува сите трошоци за функционирањето и одржувањето на истиот, сметајќи ги и просториите и трошоците за работењето на двете Обвинителства.

Се надеваме дека, во текот на 2019 година ќе се дислоцираат Обвинителствата од Зградата на АС Битола, со меѓусебна соработка и подршка и помош од Министерството за правда, уште повеќе што со примената на новиот ЗКП и надлежностите на ОЈО Битола, ваквата потреба е уште поголема и очигледно, во овој контекст треба да се напомене дека зголемен е бројот и

присуството на странки во зградата, што предизвикува поголема ангажираност на судската полиција и воопшто одржување на тој дел од зградата.

Зградата на Апелациониот суд во Битола е стара зграда, која што е изградена пред скоро 70 години и истата се наоѓа во изворна состојба.

Во претходните години превземени се одредени работи за реконструкција на дел од зградата на Судот, меѓутоа има потреба за реконструкција на зградата во целост, иако истата е тековно одржувана и е во релативно добра состојба. Потребно е да се реконструираат сите канцеларии, да се набави потребен инвентар, бира столици и др. опрема за потребите на вработените.

Во текот на 2018 година, се изврши реконструкција и обновување на изворната јужна и западна фасада на Апелациониот суд во Битола. На северниот дел од зградата односно северната фасада, неопходно и итно е потребно превземање на одредени дејствија заради спречување на протекување на вода при врнежи преку стакларникот бидејќи, протекувањето на вода е обилно и предизвикува поплавување на скалишниот и визбениот простор, согласно решението за јавни набавки од Судско буџетски совет, со кое се одобрени средства за извршување и на таа поправка, во текот на 2019 година ќе биде извршена реконструкција и на северната фасада на Судската зграда.

Во 2018 година, извршено е реконструкција и обновување на двете судници во Апелациониот суд Битола.

Заради конструкцијата и начинот како е изграден кровот на зградата, има одлична можност во поткровниот простор да се добие квалитетен канцелариски простор исто така и сала за состаноци и дел за архива. Изработен е комплетен проект за оплеменување односно реновирање и опремување на тој дел од зградата согласно кој очигледна е добивката во просторот доколку би се извршила градбата односно реновирањето на тој дел, со што би се решил проблемот на недостаток на канцеларии за вработените, би се добила сала за состаноци и трајно и квалитетно би се решил просторот за архива.

## 7. Извештај за планирани и извршени јавни набавки

Во текот на 2018 година согласно Годишниот план за јавни набавки на Апелациониот суд Битола беа реализирани сите набавки во електронска форма согласно Законот за јавни набавки. Иако од страна на Судскиот буџетски совет се планираа набавки на централно ниво посебно за набавките на нафта, тонери и хартија не се реализираа овие набавки. Со допис од страна на Судскиот буџетски совет овој суд беше задолжен да спроведе групна набавка на хартија, меѓутоа не се реализира од причина што судовите благовремено истата ја набавија за што СБС со допис беше известен

Донесените одлуки на Претседателот на судот за набавка на тонери, нафта и осигурување на зградата и основните средства за работа, гориво за службено возило беа реализирани од страна на Комисијата за јавни набавки. Во текот на 2018 година средствата за капитални расходи на единките корисници од буџетот за судска власт за 2018 година, Апелациониот суд Битола целосно ги искористи и беа реализирани следните набавки: набавени беа персолананални компјутери, клима уреди, мрежни принтери, архивски кутии, се набави проектор и

се реновира јужната и западната фасада на судот. Сите овие набавки се прикажани во ***Табела 5***.

Укажуваме дека планираните средства за набавка на овие стоки и услуги на ставката 423 од буџетот не се доволни за задоволување на потребите за работа на судот, имајќи го во предвид фактот дека години наназад за оваа намена ни се одобруваат исти или намалени средства, а цените на стоките и услугите се зголемуваат и покрај ригорозните мерки на штедење од една страна а од друга страна секоја година стартно имавме неисплатени обврски кои го оптоваруваа буџетот од режиските трошоци за последниот месец од годината а кои се за наплата во месец Јануари 2019 година.

Препорачуваме во 2019 година финансиските средства кои што се неопходни да бидат обезбедени за спроведување на јавни набавки, да се стават на располагање на Судот најкасно до средината на годината, заради можноста истите да бидат искористени по претходно спроведени постапки за јавни набавки кои што вообичаено се неопходни за функционирањето на судовите.

## 8. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА ЗА 2018 ГОДИНА

Со извршувањето на буџетот на Апелациониот Суд Битола за 2018 год. ефективно се исполнија дел од целите на буџетската програма и стратешкиот план за оваа година.

Во согласност со насоките од Претседателот на Судот, се рализираа поголеми инвестициски вложувања во Судската зграда во поглед на реновирање на дел од просториите, адаптирање на позиции од зградата за потребите во работењето како и елементарно просторно освежување. Исто така оваа година се набавени доста солидни збирки стручна литература од земјата и странство, обновен е дел од информатичката опрема и опремата за аудио и видео надзор. Паралелно со споменатите трошоци како поголеми ставки од расходниот буџет, сите тековни обврски се рализираа успешно и во согласност со законските рокови, па со вкупно одобрениот буџет за 2018 год. во износ од 55.770.377,00 ден, успеавме фискалната година да ја завршиме со минимални неизмирени обврски од 285.214,00 кои во суштина се режиски трошоци за 12 месец кои се фактурираат во месец Јануари 2019 год.

Ова е секако резултат на конструктивното менаџирање на вкупните приливи и одливи на средствата од буџетот, со што се постигна најоптимално искористување на буџетските средства и постигнување на ефективни резултати во работењето на Судот како целина.

Следењето и контролата на буџетот беа максимално реализирани од страна на Претседателот на Судот и Судскиот администратор, така што сите финансиски промени се извршени врз основа на претходна анализа на потребите на Судот и во согласност со принципите за рационално трошење.

Детални податоци дадени се во ***Табела 6.***

**Видно од извештајот за работата на Апелациониот суд Битола за 2018 година произлегува заклучокот:**

***Апелациониот суд Битола е ефикасен суд. Предметите во жалбена постапка во најголемиот дел се решаваа во роковите предвидени со закон, Судски деловник и Програмата за работа на Апелациониот суд Битола за 2018 година.***

***Просечниот квалитет на предмети кои биле по вонредни правни средства е добар.***

Во декември 2018 година беше извршената проверка од страна на сертифакционото тело Intercert за да се констатира исполнување на барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015 воведен во Апелационен суд Битола во 2016 година, и при проверката беа констатирани следните позитивни наоди:

- **системот за менаџмент со квалитет е воспоставен и се одржува**
- **електронско водење на предмети, записи во цела организација (имаат интерна веб страна на која се објавени сите документи од системот, и сите други потребни информации за ажурно и квалитетно работење на судот)**
- **вработените се запознаени со ефектите од правилната примена на документацијата и во комуникацијата се чувствува развиена свест и тимско функционирање на вработените со помагање едни на други**
- **висока освестеност на вработените вклучени во одржување на системот за водење на анализи и менаџирање со ризици на деловното работење.**
- **Квалификуван и мотивиран Тим за Квалитет**
- **Посветеност и лидерство од Врвното Раководство**

**Февруари 2019**
**Битола**

**Претседател на Апелационен суд**
**Елизабета Манели Ташевска**

**Табела 1-1**

# СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА 2018 ГОДИНА ЗА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

## I. Предмети кои се опфатени во ориентациона норма утврдена од Судски совет

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ-Кривични предмети по жалба | 252 | 588 | 7 | | 847 | 670 | 177 |
| КЖМ-кривични предмети спрема малолетници | | 9 | | | 9 | 9 | |
| КСЖ-КРИВИЧЕН СОВЕТ | 1 | 163 | | | 164 | 164 | |
| ПРКЖ-Уписник за второстепени прекршочни предмети | 4 | 710 | 3 | | 717 | 712 | 5 |
| КР-разни кривични предмети | | 7 | | | 7 | 6 | 1 |
| **ВКУПНО – КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | 257 | 1477 | 10 | | 1744 | 1561 | 183 |
| ГЖ-Граѓански по жалба | 221 | 2719 | 19 | | 2959 | 2768 | 191 |
| РОЖ-Работни односи по жалба | 242 | 862 | 4 | 1 | 1108 | 1005 | 103 |
| ТСЖ-Стопански по жалби | 64 | 522 | 6 | 1 | 592 | 539 | 53 |
| Р-разни граѓански предмети | | 48 | | | 48 | 48 | |
| **ВКУПНО – ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | 527 | 4151 | 29 | 2 | 4707 | 4360 | 347 |
| **ВКУПНО** | 784 | 5628 | 39 | 2 | 6451 | 5921 | 530 |

**Табела 1-2**

## II Судска управа

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмет и во работа | Решени предме ти | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-ДОВДоверлив уписник за судска управа | | 6 | | 6 | 6 | |
| СУ-СТР-ДОВ-Строго Доверлив уписник за судска управа | | | | | | |
| СУ-ИЗЗ Изземање на судии и претседател | | 173 | | 173 | 172 | 1 |
| УПП-Уписник за евиденција на Преставки и поплаки | | 14 | | 14 | 14 | |
| СУ- Разни известувања во Судска Управа | | | | | | |
| СПИ –Уписник за слободен пристап до информации | | 10 | | 10 | 10 | |
| СУ-01-Доставување на статистички извештаи | | 50 | | 50 | 50 | |
| СУ-02-Одлуки на Претседателот и комисијата | | 160 | | 160 | 160 | |
| СУ-03-Коресподенција на Претседателот на судот | 1 | 440 | | 441 | 441 | |
| СУ-04-Одлуки на Претседателот за работни | | 36 | | 36 | 36 | |
| СУ-05-Одлуки од сметководство | | 355 | | 355 | 355 | |
| СУ-07-Одлуки и коресподенција на судскиот | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **1** | **1244** | | **1245** | **1244** | **1** |

**Табела 1-3**

# СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ СПОРЕДБЕНО 2017 И 2018 ГОДИНА

## I. Предмети кои се опфатени во ориентациона норма утврдена од Судски совет

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмет и во работа | Решени предме ти | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (претходна година) | 143 | 673 | | 816 | 564 | 252 |
| КЖ-Кривични предмети по жалба | 252 | 595 | | 847 | 670 | 177 |
| (претходна година) | | 30 | | 30 | 30 | |
| КЖМ-КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ СПРЕМА МАЛОЛЕТНИЦИ | | 9 | | 9 | 9 | |
| (претходна година) | | 150 | 2 | 148 | 147 | 1 |
| КСЖ-КРИВИЧЕН СОВЕТ | 1 | 163 | | 164 | 164 | |
| (претходна година) | 39 | 1013 | | 1052 | 1048 | 4 |
| ПРКЖ-Уписник за второстепени прекршочни предмети | 4 | 713 | | 717 | 712 | 5 |
| (претходна година) | | 15 | 4 | 11 | 11 | |
| КР-РАЗНИ КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ | | 7 | | 7 | 6 | 1 |
| (претходна година) | 80 | 2665 | 4 | 2741 | 2520 | 221 |
| ГЖ-Граѓански по жалба | 221 | 2738 | | 2959 | 2768 | 191 |
| (претходна година) | 144 | 1116 | | 1260 | 1018 | 242 |
| РОЖ-Работни односи по жалба | 242 | 866 | 1 | 1108 | 1005 | 103 |
| (претходна година) | 26 | 807 | 2 | 831 | 767 | 64 |
| ТСЖ-Стопански по жалби | 64 | 528 | 1 | 592 | 539 | 53 |
| (претходна година) | | 55 | 1 | 54 | 54 | |
| Р-РАЗНИ ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ | | 48 | | 48 | 48 | |
| (претходна година) | **432** | **6524** | **13** | **6943** | **6159** | **784** |
| **ВКУПНО** | **784** | **5667** | **2** | **6451** | **5921** | **530** |

**Табела 1-4**

## II Судска управа

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмет и во работа | Решени предме ти | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | | 2 | | 2 | 2 | |
| СУ-ДОВДоверлив уписник за судска управа | | 6 | | 6 | 6 | |
| 2017 | | | | | | |
| СУ-СТР-ДОВ-Строго Доверлив уписник за судска управа | | | | | | |
| 2017 | | 190 | | 190 | 190 | |
| СУ-ИЗЗ Изземање на судии и претседател | | 173 | | 173 | 172 | 1 |
| 2017 | | 12 | | 12 | 12 | |
| УПП-Уписник за евиденција на Преставки и поплаки | | 14 | | 14 | 14 | |
| 2017 | | | | | | |
| СУ- Разни известувања во Судска Управа | | | | | | |
| 2017 | | 4 | | 4 | 4 | |
| СПИ –Уписник за слободен пристап до информации | | 10 | | 10 | 10 | |
| 2017 | | 78 | | 78 | 78 | |
| СУ-01-Доставување на статистички извештаи | | 50 | | 50 | 50 | |
| 2017 | | 103 | | 103 | 103 | |
| СУ-02-Одлуки на Претседателот и комисијата | | 160 | | 160 | 160 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | | **320** | | **320** | **319** | **1** |
| СУ-03-Коресподенција на Претседателот на судот | **1** | **440** | | **441** | **441** | |
| 2017 | | 30 | | 30 | 30 | |
| СУ-04-Одлуки на Претседателот за работни | | 36 | | 36 | 36 | |
| 2017 | | 356 | | 356 | 356 | |
| СУ-05-Одлуки од сметководство | | 355 | | 355 | 355 | |
| 2017 | | 2 | | 2 | 2 | |
| СУ-07-Одлуки и коресподенција на судскиот | | | | | | |
| **2017** | | **1097** | | **1097** | **1096** | **1** |
| **ВКУПНО** | **1** | **1244** | | **1245** | **1244** | **1** |

**Табела 2-1**

# Т А Б Е Л А

## За вкупната работа на Претседателот и судиите во Апелациониот суд Битола за 2018 година

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | КРИВИЧНИ | | | | | | | | | | ГРАЃАНСКИ | | | | | | РАЗНИ ПРЕДМЕТИ | | | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КЖ | | ПРКЖ | | КР | | КЖМ | | КСЖ | | ГЖ | | РОЖ | | ТСЖ | | Иззема. УПП, СУ и др. | | Р | | |
| | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ПРОСЕК |
| **ЕЛИЗАБЕТА МАНЕЛИ ТАШЕВСКА** | | | | | | | | | | | | | | | | | 1244 | 118,47 | | | **10,5мес. 118,47** |
| **ЉИЉАНА ЧОЧКОВСКА** | 180 | 17,14 | 53,15 | 5,06 | | | | | 7,5 | 0,71 | | | | | | | | | | | **10,5мес. 22,91** |
| **РУЖИЦА ИВАНОСКА** | 171 | 16,28 | 54,95 | 5,23 | 3 | 0,28 | 1 | 0,09 | 6,66 | 0,63 | | | | | | | | | | | **10.5 мес. 22,53** |
| **АНИТА МИЛОШЕВСКА** | 165 | 15,71 | 53,75 | 5,11 | | | 8 | 0,76 | 6,5 | 0,61 | | | | | | | | | | | **10,5мес. 22,21** |
| **АЛЕКСАНДАР КАМБОВСКИ** | 154 | 14,66 | 51,95 | 4,94 | 3 | 0,28 | | | 6,66 | 0,63 | | | | | | | | | | | **10,5мес. 20,53** |
| **ЉУБОМИР БОШЕВСКИ** | | | | | | | | | | | 238 | 22,66 | | | 44 | 4,19 | | | 3 | 0,28 | **10,5 мес. 27,14** |
| **ПЕТРЕ СРБИНОВСКИ** | | | | | | | | | | | 225 | 21,42 | | | 41 | 3,9 | | | 4 | 0,38 | **10,5 мес. 25,71** |

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | КРИВИЧНИ | | | | | | | | | | ГРАЃАНСКИ | | | | | | РАЗНИ ПРЕДМЕТИ | | | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КЖ | | ПРЖ | | | | КЖМ | | КСЖ | | ГЖ | | РОЖ | | ТСЖ | | Иззем.УПП СУ и др. | | Р | | |
| | ВК | МПР | ВК | МПР | | | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ПРОСЕК |
| **ПЕТКАНА ЈАДРОВСКА** | | | | | | | | | | | 3 | 0,31 | 268 | 28,21 | 1 | 0,10 | | | | | **9,5 мес. 28,63** |
| **ТАТЈАНА СУСУЛЕСКА** | | | | | | | | | | | 230 | 21,9 | | | 46 | 4,38 | | | 2 | 0,19 | **10,5 мес. 26,47** |
| **ЈОСКА МАТЕСКИ** | | | | | | | | | | | 234 | 22,28 | | | 45 | 4,28 | | | 7 | 0,66 | **10,5мес. 27,23** |
| **ВАСИЛ БАТКОСКИ** | | | | | | | | | | | 229 | 21,8 | | | 42 | 4 | | | 3 | 0,28 | **10,5мес. 26,09** |
| **ЛИЛЕ НАУМОВСКА** | | | | | | | | | | | 232 | 22,09 | | | 45 | 4,28 | | | 8 | 0,76 | **10,5мес. 27,14** |
| **МЕЏИТ ШАЗИМАНИ** | | | | | | | | | | | 139 | 19,85 | | | 24 | 3,42 | | | 2 | 0,28 | **7 мес. 23,57** |
| **ВИОЛЕТА КОСТОВСКА** | | | | | | | | | | | 68 | 6,47 | **191** | **18,19** | 22 | 2,09 | | | | | **10,5мес. 26,76** |
| **РИСТЕ РИСТЕВСКИ** | | | | | | | | | | | 235 | 22,38 | | | 40 | 3,8 | | | 2 | 0,19 | **10,5мес. 26,38** |

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | КРИВИЧНИ | | | | | | | | | | ГРАЃАНСКИ | | | | | | | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КЖ | | ПРЖ | | КР | | КЖМ | | КСЖ | | ГЖ | | РОЖ | | ТСЖ | | Р | | |
| | ВК | МПР | ВК | МПР | | | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ПРОСЕК |
| **АЦЕ БАКИЕВСКИ** | | | | | | | | | | | 227 | 21,61 | | | 46 | 4,38 | **6** | **0,57** | **10,5мес. 26,57** |
| **НИКОЛА КРСТЕСКИ** | | | | | | | | | | | 208 | 21,89 | | | 39 | 4,10 | **2** | **0,21** | **9,5мес. 26,21** |
| **СЛАВИЦА МИРКОВСКА** | | | | | | | | | | | | | 289 | 27,52 | | | | | **10,5мес. 27,52** |
| **БОШКО БОГДАНОВСКИ** | | | | | | | | | | | 24 | 2,28 | 257 | 24,47 | 16 | 1,52 | | | **10,5мес. 28,28** |
| **ЖАКЛИНА ДОВЕДЕН** | | | | | | | | | | | 252 | 24 | | | 47 | 4,47 | **4** | **0,38** | **10,5мес. 28,85** |
| **ПАКИЗЕР АЛИОСКА** | | | | | | | | | | | 224 | 21,33 | | | 41 | 3,9 | **5** | **0,47** | **10,5мес. 25,71** |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО - Месечен просек на АС-Битола Без Претседателот на суд** | 670 | 63,8 | 213,8 | 20,36 | 6 | 0,57 | 934 | 0,85 | 27,33 | 2,6 | 2768 | 263,61 | 1005 | 95,71 | 539 | 51,33 | **48** | **4,57** | **5286,13<br>518,24** |
| **ВКУПНО – Месечен просек по судија Без Претседателот на суд** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **518,24<br>26,61** |
| **ВКУПНО –Месечен просек по судија од Граѓанска материја** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **427,45<br>27,63** |
| **ВКУПНО-Месечен просек по судија од Кривична материја** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **88,2<br>22,05** |

**Табела 2-2**

## ВКУПНО ОСТВАРЕНА ГОДИШНА ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА

| ОДДЕЛ | Предвидена просечна годишна ориентациона норма | Вкупно остварена годишна ориентациона норма | Вкупно остварена годишна ориентациона предмети по судија | ПРОСЕК |
|---|---|---|---|---|
| Граѓански оддел | 3568,95 | 4360 | 281,84 | **122,16%** |
| Кривичен оддел | 630 | 926,13 | 231,53 | **147%** |
| ВКУПНО | **4198,95** | **5286,13** | **271,50** | **125,89%** |

*** Во вкупниот број на решени предмети од Кривичен оддел, прекршочните предмети се вклучени во однос 3,33 прекшочни предмети за 1 кривичен предмет, а предметите од Кривичен совет во однос 6 за 1 кривичен премет, поради наоѓање на соодветен просек во кривичниот оддел согласно ориентационата норма за 2018 година*

**Табела 3-1**

## КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА 2018 година

| Апелационен суд Битола | Вкупно решени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | 4312 | 109 | 2,52% | 28 | 0,64% | 13 | 0,30% |
| **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | 926,13 | 34 | 3,67% | 6 | 0,64% | 1 | 0,10% |
| **ВКУПНО:** | **5238,13** | **143** | **2,72%** | **34** | **0,64%** | **14** | **0,26%** |

**Во вкупниот број на решени предмети не се пресметани решените предмети од уписниците КР и Р по кои не е дозволен правен лек*

*** Во вкупниот број на решени предмети од Кривичен оддел, прекршочните предмети се вклучени во однос 3 ,33 прекшочни предмети за 1 кривичен предмет, а предметите од Кривичен совет во однос 6 за 1 кривичен премет, поради наоѓање на соодветен просек во кривичниот оддел согласно ориентационата норма за 2018 година*

**Табела 3-2**

# ВКУПНО ВРАТЕНИ ПРЕДМЕТИ ОД ВРХОВЕН СУД ЗА 2018 година

| МАТЕРИЈА | ПО ВОНРЕДНО ПРАВЕН ЛЕК | ВРАТЕНИ- | ОДБИЕНИ | ПРОСЕК | УВАЖЕНИ УКИНАТИ | ПРОСЕК | УВАЖЕНИ ПРЕИНАЧЕНИ | ПРОСЕК | ОТФРЛЕНИ | НА ДРУГ НАЧИН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГРАЃАНСКО** | 190 | 188 | 109 | 72,66% | 28 | 18,66% | 13 | 8,66% | 38 | |
| **КРИВИЧНО** | 36 | 50 | 34 | 82,92% | 6 | 14,63% | 1 | 2,43% | 8 | 1 |
| **ВКУПНО:** | **226** | **238** | **143** | **74,86%** | **34** | **17,8%** | **14** | **7,32%** | **46** | **1** |

**Просекот е пресметан во однос на вкупно вратените предмети од ВСРМ  (одбиени +укинати +преиначени) за секоја материја поединечно*

**Табела 4**

## ВО АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА ЗА 2018 ГОДИНА

## - КРИВИЧНО -

| УПИСНИК | до 1 мес | над 1 до 3 мес. | над 3 мес. |
| --- | --- | --- | --- |
| КЖ | 113 | 51 | 506 |
| КЖМ | 8 | 1 | |
| КСЖ | 159 | 4 | 1 |
| ПРКЖ | 571 | 134 | 7 |
| КР | 6 | | |

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА

## - ГРАЃАНСКО -

| СПОРНИ | | | | | НЕСПОРНИ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | до 1 мес. | од 1-3 мес. | од 3-6 мес. | над 6 мес. | вид | до 1 мес. | од 1-3 мес. | од 3-6 мес. | над 6 мес. |
| ГЖ | 868 | 634 | 224 | 33 | ГЖ | 733 | 248 | 23 | 5 |
| РОЖ | 119 | 339 | 527 | 5 | РОЖ | 15 | | | |
| ТСЖ | 53 | 88 | 58 | 8 | ТСЖ | 217 | 83 | 25 | 7 |
| Р | 18 | 1 | | | Р | 29 | | | |

## ВКУПНО ПО СИТЕ ВИДОВИ

| до 1 месец | од 1 - 3 месеци | од 3 - 6 месеци | над 6 месеци |
|---|---|---|---|
| 2909 | 1583 | 1371 | 58 |
| 49,13% | 26,73% | 23,15% | 0,97% |

**Табела 5**

## Јавни набавки во 2018 година планирани и извршени

| Р.б | Број на оглас | Вид на договор за јавна навбавка | Име на носителот на набавката | Вредност на договорот | Број на договорот и датум | Реализација во пари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1/18 | Тонери | Доајен Дата системи ДООЕЛ Скопје<br>АСКОМ ДОО Скопје | 239.894,00 ден.<br>73.992,00 ден. | Су.бр.02-4/2018 од 29.01.2018 год.<br>Су.бр.02-4/2018 од 29.01.2018 год. | 313.886 ден |
| 2 | 2/18 | Осигурување | АЛБСИГ АД Скопје | 28.215,00 ден | Су.бр.02-6/2018 29.01.2018 год. | 28.215,00 ден. |
| 3 | 3/18 | Набавка на гориво за службено возило | ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | 131.513,57 ден. | Су.бр.02-5/2018 од 23.01.2018 год. | 131.513,57 ден. |
| 4 | 7/18 | Персонални компјутери | НЕОКОМ Скопје | 675.722,00 | Су.бр.02-26/2018 од 02.04.2018 год. | 675.722,00 ден. |
| 5 | 8/18 | Клима уреди | ДПТУ ЕЛЕКТРОН ББ Велес | 75.520,00 ден | Су.бр.02-27/2018 од 02.04.2018 год. | 75.520 ден. |
| 6 | 9/18 | Мрежни принтери | Доајен Дата системи ДООЕЛ Скопје | 74.214,50 ден. | Су.бр.02-50/2018 од 09.05.2018 год. | 74.214,50 ден. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | 10/18 | Реновирање на фасада | БОКОП С.Боровец | 748.946,00<br><br>58.622,00 | Су.бр.02-28/2018 од 25.06.2018 год.<br>Су.бр.02-39/2018 10.10.2018-анекс | 807.198 ден |
| 8 | 11/18 | Архивски кутии | ШИКЛО КОМЕРЦ Битола | 15.576,00 ден | Су.бр.02-95/2018 03.09.2018 год. | 15.576,00 ден |
| 9 | 12/18 | Екстра лесно масло за греење | ПУЦКО ПЕТРОЛ с.Пласница | 804.205,00 ден | Су.бр.02-139/18 од 12.12.2018 год. | 804.205,00 ден |
| 10 | 14/18 | Набавка на проектор | Инфотехника Битола | 74.222,00 ден. | Су.бр.02-151/2018 26.12.2018 год | 74.222,00 ден |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**Табела 6-1**

# 8. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА СУДОТ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА

Во врска со планираните и направените трошоци на судот табеларно е дадена проекција на приходите и расходите за 2018 година и тоа:

| ПРОЕКЦИЈА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА | | ОДОБРЕНИ ПО БУЏЕТ | НАПРАВЕНИ ТРОШОЦИ-НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ 2018 год. | ВКУПНО ОДОБРЕНИ И НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ 2018 | РАЗЛИКА (+ -) СО ПЛАНИРАН БУЏЕТ ЗА 2018 год.. |
|---|---|---|---|---|---|
| **40-ПЛАТИ** | **57.707.000,оо** | **48.505.606,оо** | **3.867.148,оо** | **52.372.754,оо** | **-5.334.246,оо** |
| 401 ОСНОВНИ ПЛАТИ | 38.685.000,оо | 35.409.054,оо | 2.823.012,оо | 38.232.066,оо | -452.934,оо |
| 402- ПРИДОНЕСИ | 19.022.000,оо | 13.096.552,оо | 1.044.136,оо | 14.140.688,оо | -4.881.312,оо |
| **42 – СТОКИ И УСЛУГИ** | **7.177.000,оо** | **5.560.300,оо** | **262.016,оо** | **5.822.316,оо** | **-1.354.684,оо** |
| 420- ПАТНИ И ДНЕВНИ | 50.000,оо | 11.197,оо | -- | 11.197,оо | -38.803,оо |
| 421- КОМУНАЛНИ УСЛУГИ И ГРЕЕЊЕ | 4.677.000,оо | 3.170.352,оо | 215.551,оо | 3.385.903,оо | -1.291.097,оо |
| 423- МАТЕРИЈАЛИ | 770.000,оо | 919.962,оо | 6.290,оо | 926.252,оо | +156.252,оо |
| 424- ПОПРАВКИ И ТЕК. ОДРЖУВАЊЕ | 1.000.000,оо | 452.531,00 | -- | 452.531,оо | -547.469,оо |
| 425 – ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 530.000,оо | 921.498,оо | 38.759,оо | 960.257,оо | +430.257,оо |
| 426- ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 150.000,оо | 84.760,00 | 1.416,оо | 86.176,оо | -63.824,оо |
| **46 – РАЗНИ ТРАНСФЕРИ** | **150.000,оо** | **190.313,оо** | **--** | **190.313,оо** | **+40.313,оо** |
| 464- РАЗНИ ТРАНСФЕРИ | | 161.905,оо | -- | 161.905,оо | |
| 465-ИСПЛАТА ПО ИЗВРШНИ ИСПРАВИ | | 28.408,оо | -- | 28.408,оо | |
| **48 – КУПУВАЊЕ ОПРЕМА** | **1.750.000,оо** | **1.514.158,оо** | **23.198,оо** | **1.537.356,оо** | **-212.644,оо** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 480 – КУПУВАЊЕ ОПРЕМА | 824.158,oo | 23.198,oo | 847.356,oo | |
| 481-РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ | 690.000,oo | -- | 690.000,oo | |
| **ВКУПНО : 66.784.000,oo** | **55.770.377,oo** | **4.152.362,oo** | **59.922.739,oo** | **-6.861.261,oo** |

**Табела 6-2**

**ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА ЗА НАПРАВЕНИ ТРОШОЦИ- ЗАДОЛЖЕНОСТ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА И ПЛАН ЗА ОТПЛАТА НА ДОЛГОВИТЕ ЗА 2018 год.**

| **НАПРАВЕНИ ТРОШОЦИ-НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ** | | **ПЛАН ЗА ОТПЛАТА НА ДОЛГОТ** |
|---|---|---|
| 401 + 402 = плати и придонеси од плата за 12 м. 2018 г. | 3.867.148,оо | Исплата на плата за 12/2018 на 09.01.2018 г. |
| 420 – патни и дневни трошоци | -- | |
| 421 – комунални услуги, греење и транспорт | 215.551,оо | Режиски трошоци за месец 12/2018 год. – исплата во Јануари 2019 год. |
| 423 – материјали и ситен инвентар | 6.290,оо | Материјали за разни намени – исплата во Јануари 2019 г. |
| 424 – поправки и тековно одржување | -- | |
| 425 – договорни услуги | 38.759,оо | Надомест за дневни трошоци за судиии поротници и договори на дело – исплата во Јануари 2019 г. |
| 426 – други тековни расходи | -- | |
| 464 – разни трансфери | -- | |
| 480 – купување на опрема | 23.198,оо | Клима уред во сервер соба – исплата во Февруари 2019 г. |

НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ / 401 + 402/ ПЛАТА 12/2018 - ВКУПНО ........3.867.148
НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ / 420-480 / .................................. ....... 285.214

**ВКУПНО ..................................................... 4.152.362**

**Табела 6-3**

| Реден број | ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОД | | ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОД | НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ 2018 год. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 401- плати и надоместоци | 34.009.490 | 35.409.054 | 2.823.012 |
| 2 | 402- придонеси | 12.577.337 | 13.096.552 | 1.044.136 |
| 3 | 420- патни трошоци | -- | 11.197 | -- |
| 4 | 421- комунал.услуги греење | 3.201.397 | 3.170.352 | 215.551 |
| 5 | 423- материјали | 802.859 | 919.962 | 6.290 |
| 6 | 424- поправки и тек.одрж. | 640.108 | 452.531 | -- |
| 7 | 425- договорни услуги | 523.803 | 921.498 | 38.759 |
| 8 | 426- други тековни расходи | 69.619 | 84.760 | 1.416 |
| 9 | 464- разни трансфери | 772.486 | 161.905 | -- |
| 10 | 465-извршни решенија | -- | 28.408 | -- |
| 11 | 480-капитални расходи | 307.674 | 824.158 | 23.198 |
| 12 | 481-реконструкција на деловни објекти | -- | 690.000 | -- |
| | **ВКУПНО** | **52.904.773** | **55.770.377** | **4.152.362** |

**Табела 6-4**

**СМЕТКА 290100060463114 СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ЗА 2018**

| | **Проекција за приходи и расходи за 2018** | | | **Планирани расходи за 2018** | | | **Остварени приходи за 2018** | | | **Направени расходи за 2018** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **724132** | Приходи од паушали | 210.000 | **421** | Комунални услуги | -- | **725922** | Приходи од осигурување | -- | **423210** | Материјали за АОП | 55.000 |
| 2 | **725922** | приходи од осигурување на имот | 60.000 | **423** | Материјали | 200.000 | **725939** | Ост. Неданочни приходи | 6.000 | **423910** | Други материјали за посебни намени | 17.330 |
| 3 | **731114** | Средства од претходна година | 50.000 | **426** | Други тековни расходи | 120.000 | **724132** | Други приходи на сопствена сметка | 502.870 | **424210** | Одржување на згради | 47.330 |
| | | | | | | | **731114** | Салдо од претходна година | 196.256 | **424440** | Поправка и одржување на опрема | 21.847 |
| | | | | | | | | | | **480160** | Опрема за греење и климат. | 75.520 |
| | | | | | | | | | | **481230** | Реконструк. на деловни објекти | 117.568 |
| **Вкупно** | | | **320.000** | | | | | | **705.126** | | | **334.595** |